# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 24.12.2025 година, во 13:30 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и четвртата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Музбајдин Ќамиљи, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Маја Седрак, Владимир Палашевски, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани и Лазо Трпков*

Онлајн присутни на седницата: *Миле Грозданоски.*

Дваесет и четвртата седница на Програмскиот совет започна во 13:43 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и четвртата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 22-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 23-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Започнување со постапка за донесување на Предлог- Статут на МРТ**
4. **Годишна инвестициона програма на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 22-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и втората седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 23-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Започнување со постапка за донесување на Предлог- Статут на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред, која се однесува на започнување на постапка за донесување на Предлог-Статут на Македонската радио телевизија.

Најнапред, тој потсети дека дискусијата по Предлог-Статутот Советот ја започна на 22-та седница на Програмскиот совет, одржана на 18.12.2025 година, на која членовите изнесоа конкретни забелешки, коментари и предлози во однос на предложениот текст.

Во доставениот Предлог-Статут за оваа седница, интегрирани се коментарите и предлозите на членовите на Програмскиот совет, дадени на наведената седница, со цел унапредување на текстот и негово усогласување со законската рамка, како и со улогата и надлежностите на МРТ како јавен радиодифузен сервис.

Имајќи го предвид наведеното, а согласно член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кој е утврдено дека Програмскиот совет го донесува Статутот на МРТ, како и согласно член 37 од важечкиот Статут на МРТ, Претседателот Давор Пашоски рече дека смета дека се исполнети условите Програмскиот совет да продолжи со постапката во следната фаза.

Во оваа насока, тој се повика и на заклучокот донесен на 19-тата седница на Програмскиот совет, со кој јасно беше утврден редоследот на постапување во процесот на носење на новиот Статут на МРТ, како дел од поширокиот процес на нормативно и институционално уредување на јавниот сервис.

Следствено на тоа, а со цел обезбедување транспарентност на постапката, јавна расправа и активно вклучување на сите заинтересирани страни, тој предложи Програмскиот совет да донесе заклучок со кој Предлог-Статутот на МРТ ќе се стави на јавна расправа во траење од 30 дена.

Во периодот на јавната расправа, покрај јавноста и заинтересираните субјекти, и самите членови на Програмскиот совет ќе имаат можност, доколку имаат потреба и оценат дека е потребно, да доставаат свои дополнителни предлози и коментари во однос на текстот на Предлог-Статутот.

Во рамки на јавната расправа, сите заинтересирани страни, односно институции, професионални и граѓански организации, медиумски работници и граѓани ќе имаат можност

да достават свои мислења, коментари и предлози во однос на предложените измени, со што ќе се обезбеди инклузивен и транспарентен процес на донесување на Статутот.
По завршувањето на јавната расправа, Програмскиот совет повторно ќе го разгледа текстот на Предлог-Статутот, земајќи ги предвид сите пристигнати забелешки и сугестии, по што ќе продолжи постапката согласно закон и утврдениот редослед.
Во таа смисла, тој предложи Програмскиот совет да се изјасни по предлогот за ставање на Предлог-Статутот на МРТ на јавна расправа во траење од 30 дена.

Прва зема збор Маја Седрак која истакна дека застапеноста на културата на програмите на националниот сервис е на многу ниско ниво. Согласно Статутот, МРТ има обврска да емитува високо квалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, образовни, научни, спортски па и културни настани и теми. Во таа смисла, застапеноста на културата е во мал обем и најчесто во форма на снимки, преноси или информативни разговори. Она што недостига е вистински културни дебати, осврти на културни настани, портрети на уметници, програма која суштински ќе делува на популаризација на културата, афирмација на уметниците во општеството. Веќе во соседството има позитивни примери на културни канали по примерот на познатите Mezzo, како што е случајот во Србија. Во случајот, на програма на МРТ веќе има еден канал посветен на култура која вклучува не само уметничка програма, туку и популарна. За почеток може програмата на тој канал да се надополни со квалитетни културни содржини, дебати од областа на културата, развојот на македонската култура и секако преноси од културни настани од сите области. Од тие причини ќе биде многу корисно, како дел од Јавната расправа, да се направи еден состанок и со претставници од областа на културата, културните установи, воопшто чинителите во културата, како би можеле и тие да дадат придонес во оваа насока.

На ова се надоврза Претседателот Давор Пашоски кој даде конкретен предлог за да се одржи една посебна тематска седница со претставници на културните институции во Македонија и да се разговара на овие теми.

Потоа зема збор Томислав Кежаровски кој рече дека е потребно да се воведе пракса на крај на секој месец Советот да има една посебна седница, на која ќе се разговара околу програмата, односно што е тоа што се емитувало тековниот месец на програмите на МРТ.

Збор зема Музбајдин Ќамиљи кој рече дека секоја премиера во МНТ, Албански театар, Драмски театар и слично, треба да се снима и МТВ да има право да ја емитува.

По завршување на дискусијата, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски донесе Заклучок да се објави Предлог-Статутот на јавна расправа во траење од 30 дена.
Претседателот го стави Заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Годишна инвестициона програма на ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на Годишната инвестициона програма на ЈРП Македонска радио телевизија.

Тој истакна дека во прилог на оваа точка до Програмскиот совет се доставени Годишната инвестициона програма на ЈРП МРТ, како и согласноста од Надзорниот одбор на МРТ по истата, дадена во рамки на нивните надлежности.

Со предложената Годишна инвестициона програма се предвидуваат инвестиции насочени кон техничко-технолошко унапредување на МРТ, односно модернизација и одржување на постојната техничка опрема, унапредување на оперативните и техничките капацитети, како и создавање услови за поефикасно, поквалитетно и континуирано извршување на програмските обврски на јавниот сервис.

Во таа насока, тој рече дека смета дека е важно инвестициите да се планираат и спроведуваат на јасен и транспарентен начин, согласно важечките законски прописи, со соодветна координација и навремено информирање на Надзорниот одбор и Програмскиот совет, во рамки на нивните надлежности. Истовремено, реализацијата на инвестициите треба да се темели и врз позитивните европски практики на јавните медиумски сервиси, особено врз стандардите и препораките на Европската радиодифузна унија, како релевантна рамка за развој и модернизација на јавниот сервис.

Воедно, потребно е инвестициите да се разгледуваат и во поширок стратешки контекст, односно да бидат во согласност со долгорочните развојни приоритети на МРТ. Во таа смисла, инвестиционите активности треба да бидат усогласени со петгодишната стратегија за развој на МРТ, која Програмскиот совет ќе ја подготвува во наредниот период.

Доколку, во текот на подготовката или при спроведувањето на петгодишната стратегија, се укаже потреба од дополнително усогласување или прилагодување на поединечни инвестиции предвидени со Годишната инвестициона програма на МРТ, таквото усогласување ќе се однесува на инвестициите и нивната реализација и ќе се заснова на релевантни финансиски, технички и програмски анализи, согласно важечките законски прописи, како и врз основа на позитивните европски практики на јавните медиумски сервиси, особено стандардите и препораките на Европската радиодифузна унија.

Имајќи ја предвид доставената Годишна инвестициона програма, како и претходно дадената согласност од Надзорниот одбор, Програмскиот совет ја разгледува оваа точка со цел да се произнесе во рамки на своите законски надлежности.

Музбајдин Ќамиљи зема збор и рече дека е многу важно тоа што Советот има добри намери и задачи и рече дека во врска со Годишната инвестициона програма, сака да знае во 2026 година каде конкретно ќе се инвестира и што ќе се инвестира.
Потоа зема збор Беким Лачи кој рече дека е за пофалба тоа што ќе се врши реконструкција на објекти, фасадата, кров и слично. Исто така ја пофали и набавката на нови компјутери за вработените, а сето тоа како би можеле новинарите подобро да работат.

На сето ова се надоврза Претседателот Давор Пашоски кој истакна дека во Годишната инвестициона програма, која е составен дел на планот за јавни набавки е точно наведено во кој дел кои трошоци како ќе се реализираат. Сите ставки кои се планираат се наведени во планот за јавни набавки. Воедно тој истакна дека секоја година се прави ребаланс на буџетот, а согласно тоа се прават и промени во планот за јавни набавки.

Следен зема збор Лазо Трпков кој праша дали овој план и оваа Годишна инвестициона програма може да претрпи промени понатаму?

Претседателот Давор Пашоски одговори позитивно и истакна дека Годишната инвестициона програма треба да биде усогласена со Петгодишната стратегија на МРТ и истата може да претрпи промени.

Понатаму збор зема Томислав Кежаровски, кој рече дека според него Годишната инвестициона програма е одлична и се надева дека на крајот на годината ќе се види точно што е направено, а што не е. Продолжи дека тој се надева дека ќе биде реализирано сето она што е предвидено согласно програмата.

Потоа, Претседателот Давор Пашоски истакна дека тоа ќе биде утврдено преку Годишниот извештај за работа на МРТ за наредната година, во чиј составен дел е и финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план, преку кој јасно ќе се согледа што е реализирано и во што се инвестирало.

Потоа зема збор Билјана Бабиќ која побара промена на правната формулација на насловот на Одлуката со која се усвојува Годишната инвестициска програма на МРТ, со оглед дека Програмскиот совет ја проследува истата по согласност на Надзорниот одбор.

Претседателот Давор Пашоски посочи дека Програмскиот совет на МРТ, при одлучување по вакви прашања, постапува врз основа на претходно дадените согласности од страна на Надзорниот одбор на МРТ, како тело надлежно за финансиско-материјалното работење на установата.

Понатаму Ивана Ефремовски рече дека од исклучителна важност е подобрувањето на условите за работа и набавката на новата опрема која ќе им го олесни секојдневното работење на новинарите и останатите медиумски работници. Таа потенцираше дека е важно што ќе биде решен и проблемот со греење и ладење, како и инвестицијата во фотоволтаици. Ефремовски потенцираше дека до нив како членови на Програмскиот совет, од страна на вработени во МРТ за време на средбите со нив, биле упатени коментари токму за важноста од решавањето на овие проблеми.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Годишната инвестициона програма на ЈРП МРТ, доставена во прилог, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор, при што Програмскиот совет заклучува дека реализацијата на инвестициите предвидени со Годишната инвестициона програма на ЈРП МРТ треба да се спроведува согласно важечките законски прописи и принципите на транспарентност, со соодветна координација и навремено информирање, како и во согласност со долгорочните развојни приоритети и петгодишната стратегија за развој на МРТ.

- **За гласаа 11 (единаест) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Билјана Бабиќ и Томислав Кежаровски гласаа воздржано**

**Точка 5. Ценовник маркетинг услуги**

Следно Претседателот Давор Пашоски премина на следната точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на Предлог-ценовникот за маркетинг услуги по секунда на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година.
Најнапред, тој појасни дека Ценовникот за маркетинг услуги претставува општ акт, односно правилник со кој се уредуваат цените и условите за користење на маркетинг услугите на МРТ. Согласно член 74 од Статутот на МРТ, донесувањето на ваков општ акт е во исклучива надлежност на Програмскиот совет.
Истовремено, тој потсети дека согласно член 51 став 1 алинеи 1 и 6 од Статутот на МРТ, Надзорниот одбор има надлежност да разгледува и дава мислење за општите акти кои имаат финансиски и материјално-финансиски импликации. Во таа насока, до Програмскиот совет е доставено мислење, односно согласност од Надзорниот одбор на МРТ, донесена на нивната 3-та седница одржана на 23.12.2025 година, со која Надзорниот одбор го разгледал Предлог-ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2026 година и дал согласност за истиот.
Во прилог на оваа точка, до членовите на Програмскиот совет се доставени Предлог-ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2026 година, како и придружна информација од надлежниот Маркетинг сектор на МРТ, во која е наведено дека предложениот ценовник

останува непроменет во однос на претходниот период. Со тоа се обезбедува континуитет, транспарентност и еднаков третман на сите клиенти, во согласност со улогата и јавниот карактер на МРТ како јавен радиодифузен сервис.
Имајќи го предвид сето наведено, односно фактот дека Ценовникот е општ акт во надлежност на Програмскиот совет, како и дека за истиот е прибавено мислење од Надзорниот одбор во рамки на нивните законски и статутарни надлежности, сметам дека се исполнети условите Програмскиот совет да се произнесе по оваа точка.

Претседателот Давор Пашоски го стави на гласање Предлог-ценовникот за маркетинг услуги по секунда на ЈРП МРТ за 2026 година, доставен во прилог.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на продуктивната средба на присутните на 24-рата Седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека следната 25-та седница ќе се одржи во вторник на 30.12.2025 година во 10:00 часот. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и четвртата сеница во 14:57 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-7164/5
24.12.2025г.

_________________________
Давор Пашоски